Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) објавува јавен повик за доделување на **Грантови за граѓанска вклученост во борбата против корупцијата**. Повикот е во рамки на програмата „ [Граѓаните против корупцијата](#) “ финансирана од Американската агенција за меѓународен развој во Република Северна Македонија УСАИД.




Целта на повикот за Грантови за граѓанска вклученост во борбата против корупцијата е да се зголеми транспарентноста, отчетноста и културата на интегритет преку поголема вклученост на граѓаните во борбата против корупцијата.

Повикот е отворен за сите регистрирани граѓански организации и мрежи на граѓански

организации како и за неформални мрежи. Главниот апликант се поттикнува да поднесе апликација во партнерство со други граѓански организации или мрежи на граѓански организации, за кои важат истите услови за аплицирање како и за главниот апликант.

**Минимален износ** за кој може да се достави апликација за грант **е 2.240.000 денари ($40.000)**, додека **максимален износ е 3.360.000 денари ($60.000)**.

Ќе бидат поддржани предлог-проекти кои траат **минимум 18 месеци и максимум 24 месеци**.

На овој повик се аплицира по електронски пат. Аплицирањето ќе се одвива во една фаза, односно директно ќе се аплицира со целосна пријава. **Главниот апликант и партнерската организација најпрвин мора да креираат профил на платформата: www.grants.mk (преземи Водич за креирање профил).**

По регистрација, само главниот апликант треба да се пријави на овој повик и да започне со пополнување на апликацијата и прилозите. Главниот апликант мора да ги додаде партнерите (со нивните единствени матични броеви и нивната е-пошта) кои ќе треба да го потврдат партнерството преку конфирмација која ќе биде побарана на нивната е-пошта (внесена при регистрација на платформата). Оваа потврда ќе се смета за доказ за Изјава за партнерство. Целосната пријава за овој повик вклучува пополнување и прикачување на grants.mk на:

- Формулар за аплицирање (word document)
- Буџет и оправданост на буџетот (excel document)
- Изјава на апликантот, (со печат и потпис – pdf document)
- Изјава на партнерот, доколку е применливо (со печат и потпис – pdf document)
- Само во случај кога апликант е неформална мрежа - Согласност на членките на мрежата, конкретна членка да аплицира во име на неформалната мрежа (со печат и потпис – pdf document)

**Краен рок за поднесување на пријавите е 4 септември 2024 г. до 13:00 часот (македонско време).**

**Информативна сесија**

**Преземи ја презентацијата од инфо-сесијата за повикот**

Целокупните информации во однос на целите и очекуваните резултати од повикот, условите за аплицирање, подобните активности и начинот на аплицирање може да ги најдете во **Упатството за аплицирање** .

Заинтересираните организации може да поставуваат прашања поврзани со повикот за Грантови за граѓанска вклученост во борбата против корупцијата на следната адреса: gpk-grants@mcms.mk
.

**ПРАШАЊА И ОДГОВОРИ ЗА ПОВИКОТ ПРИСТИГНАТИ ДО 21.08.2024**